| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar "Koco Racin" 75<br>Skopje, Republic of Macedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|


# ПРОГРАМА

## За Трето коло Крапска Лига 2023 година

Согласно Правилата за организирање на натпревари во спортски риболов во Република Македонија, усвоените Пропозиции и Календар за спортско-риболовни натпревари во 2023 година, **Крапското Трето Коло од Лига 2023 година** во спортски риболов, ќе се одржи од 22.06.2023 до 25.06.2023 година, **на езеро - Акумулација Мавровица.**

Организатор: Македонска Риболовна Федерација (МРФ)

Екипите (дуата) за учество во **Лига Натпреварите** се сотавени од 2 (двајца) натпреварувачи (дуо), 1 (еден) резервен натпреварувач и 1 (еден) капитен на екипата. Сите учесници мора да бидат регистрирани спортски риболовци за 2023 год., да поседуваат лекарско уверение, осигурување за спорт и спортска легитимација како документ за идентификација.

Право на учество на Крапскиот Куп имаат сите пријавени екипи (дуа), членови на РЗК кое е членка на МРФ, доколку благовремено се пријават, здружението во кое се регистрирани како спортски риболовци ја уплати годишната членарината на МРФ за 2023 година и ја платат пропишаната котизација за натпреварот.

Натпреварот ќе трае непрекинато 72 часа и ќе се одржи според Правилата и пропозициите за натпревари на Македонската Риболовна Федерација.

Патеката ќе биде поставена на езеро - Акумулација Мавровица во Свети Николе.

Дозволен е улов на видовите **крап и амур** а се бодуваат само примероците над **1.5 кг.** тежина.

**ПРОГРАМ - СААТНИЦА**

**ЧЕТВРТОК: - 22.06.2023 година**
до 08,00 часот - Пристигнување на екипите и пријавување
од 08,00 до 09,00 – Извлекување за редослед и стартни места
од 09,00 до 10,00 часот - Подготовка за пристап на патека
10,00 часот - Пристап на патека ------------------------------------------------------- прв сигнал
12,00 часот - Почеток на натпреварот ---------------------------------------------- втор сигнал

**НЕДЕЛА: - 25.06.2023 година**

11,45 часот - 15 мин. пред крај на натпреварот ------------------------------------ трет сигнал
12,00 часот - Крај на натпреварот ----------------------------------------------- четврти сигнал
12,15 часот - Крај на натпреварот за дуа кои за време на четвртиот сигнал замараат и вадат риба -------------------------------------------------------------- петти сигнал

13,00 часот - Соопштување на резултатите.

**СУДИСКИ КОЛЕГИУМ:**

Главен судија: -
Секретар: -
Судија: -
Судија: -

За подетални информации сте заинтересирани можат да се јават во МРФ на тел. 02-3164-539 секој работен ден од 07.00-15.00 часот.

**Крапска Натпреварувачка комисија**
**Претседател:**
**Александар Миловски с.р.**